СЕГА Р. Македонија

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2005

Во периодот јануари - декември 2005 година, Коалицијата на младински организации СЕГА, работеше согласно предвидената Годишна програма. Проектите коишто беа реализирани во овој период беа во рамките на приоритетите од стратешкиот план: Лидерство во донесување и спроведување на Националната Стратегија за Млади на РМ, Континуиран развој на капацитетите на коалицијата, Долгорочна финансиска одржливост на коалицијата и Формирање и развој на младински пријателски сервиси на локално ниво.

## Преглед на реализирани проекти

### Промоција на Младинска Политика

Целта на проектот Промоција на младиска политика е да обезбеди влијание врз младинската политика, преку нејзина промоција, како и промоција на заклучоците од одржаната **"Конференција за младинска политика во ЈИЕ"**.

Резултатите на проектот придонесоа кон:

- Информирање на младите за самиот документ и нивно вклучување во изработка на младинските акциони планови во локалните заедници.
- Иницирање на соработка помеѓу младинските НВОи и локалните Самоуправи во полето на младинските прашања.
- Иницирање на соработка, партнерства и вмрежување помеѓу младинските НВОи на локално ниво.

Вклучените активности обезбедија: изготвување на ЦД кое го содржи извештајот од **"Конференција за младинска политика во ЈИЕ"**, Декларација за меѓусебна соработка во полето на младинската политика во ЈИЕ, како и Белата книга за младинска политика со 11те индикатори; организирање на округли маси во 10 поголеми градови во Република Македонија за претставници од младински организации, претставници на локалните самоуправи и локални младински лидери. Проектот беше со времетраење од три месеци со финансиска поддршка од CARE International и Ireland Aid, ФИООМ и ИТЗ/УСАИД.

### Младински подготвителен форум

Овој проект имаше за цел да обезбеди реално и конструктивно учество на младите луѓе од Македонија во текот на Техничката консултација и на Специјалната Сесија за Деца која ја организира Владата на Р.М заедно со УНИЦЕФ.

Проектот Младински подготвителен форум беше дизајниран да ги постигне следните цели:

- Зајакнување на капацитети на партнер организации

- Развивање на вештини за работа на локалните претставници од stakeholders групите

Проектот содржи неколку сегменти:
- Регрутирање на млади од различна географска, етничка и полова застапеност;
- Организирање на Младински Подготвителен Форум за деца и млади за 50 учесници

Вклучените активности овозможија печатење и дистрибуција на Извештај од Младинскиот Подготвителен Форум. Корисници на проектот беа млади на возраст од 14 - 18 години од Македонија (различна полова и етничка припадност). Проектот беше со времетраење од два месеци со финансиска поддршка од УНИЦЕФ.

**<u>Општини по мерка на младите</u>**

Проектот Општини по мерка на младите е создаден со цел да влијае во креирањето на подобри услови во општините, во насока на остваруване на правата и потребите на младите луѓе.

Проектот беше дизајниран да ги постигне следните цели:
- Да обезбеди механизми за вклучување на младите во процесите на донесување одлуки на локално ниво;
- Да формира стејхолдер групи во трите општини
- Да обезбеди информации за состојбата на младите и подобноста на општините за нивните потреби
- Да формира групи за мапирање на заедницата во трите општини.

Проектот содржи неколку сегменти:
- Тренинг за младинска политика за 60 млади во трите општини
- Тренинг за лобирање и затапување за 60 млади во трите општини
- Тренинг за мапирање за 30 млади
- Реализирано мапирање во трите општини

За потребите на проектот изработени се следните материјали:
- Прирачник за Тренинг на тренери за: младинска политика, лобирање и застапување и младинска партиципација.

Директни корисници на проектот беа 90 млади (30% девојки од различна националност) од трите општини, локалните самоуправи и Советите на општините. Проектот беше со време траење од четири месеци, финансиски поддржан од УНИЦЕФ.

**<u>Мир и толеранција во општини по мерка на младите</u>**

Овој проект е наменет да даде придонес во "Градење на мир и толеранција помеѓу етничките групи во Македонија"

Проектот Мир и толеранција во општини по мерка на младите ги постигна следните резултати:

- Организирани вон наставни активности и настани со цел за заедничко дружење на децата
- Поддршка на активностите кои обезбедуваат можности за поврзување со останатите заедници

Проектот содржи неколку сегменти:

- Реализирање на еден семинар за 30 млади.
- Организирање на настани за одбележување на светскиот ден за борба против нетолеранцијата и расизмот.
- Заеднички средби.

За потребите на овие активности изработени се следните материјали:

- Информативен флаер
- Маички со порака „all equal all different"

Директни корисници на проектот беа младите од општините Прилеп, Битола и Кичево. Проектот беше со време траење од два месеци, финансиски поддржан од УНИЦЕФ.

**Тренинг за тренери "Застапување и лобирање"**

Овој проект е наменет да даде придонес во јакнење на капацитетите на Коалиција СЕГА со вештини за застапување и лобирање.

Проектот Тренинг за тренери "Застапување и лобирање" ги постигне следните резултати:

- Зајакнати капацитетите на Коалиција СЕГА со вештини за застапување и лобирање,
- Различните актери во младинската сфера се стекнати со нови искуства, а со цел да се обезбеди стабилно раководење со програмите поврзани со младинската политика

Проектот содржи неколку сегменти:

- Објавување на конкурс за пријавување на учесници;
- Прибирање и апликации и селекција на учесници и
- Организирање на Тренинг за тренери "Застапување и лобирање"

Директни корисници на проектот беа членови на 17 младински организации од Македонија. Проектот беше со време траење од два месеци, финансиски поддржан од BYWB/USAID.

**Воспоставување на ВЕБ презентација**

Овој проект имаше за цел да ја зголеми видливоста на организацијата, транспарентноста во работата како и да овозоможи размена на информации и искуства. Вклучените активности овозможија дизајнирање на WEB страна. Дирекни корисници на овој проект се целните групи на организацијата. Проектот беше со времетраење од три месеци, финансиски поддржан до BYWB/USAID.

## Јакнење на капацитетите на граѓанските организации во Македонија

Проектот има за цел да го поддржи јакнењето на капацитети на селектирани граѓански организации во делот на извршување на нивните активности како и нивниот капацитет за соработка со други граѓански организации, јавноста, локалната и централната власт, законодавните органи како и меѓуетнички. Проектот е спроведуван од страна на Данскиот Совет за Бегалци (ДРЦ), а раководен од Европската Агенција за Реконструкција (ЕАР).

Во текот на 2005 година беа спроведени следните активности за Коалицијата СЕГА:

- Организирана Организациска Самопроценка
- Реализирани две обуки за Стратешко Планирање
- Усвоен Стратешки План на организацијата
- Реализирана обука за Односи со Медиумите
- Реализирана обука за Застапување и Лобирање
- Постојана менторска поддршка
- Обезбедена техничка опрема (11 Персонални Компјутери, 5 Ласерски печатачи, 1 ЛЦД проектор, 1 Пренослив Компјутер, 5 Телефон/факс апарати, канцелариски мебел за 5 канцеларии, 5 Мулти-функционални уреди, 5 бели табли и друг канцелариски помошен материјал)

Директни корисници на проектот беа организациите членки, и самата Коалиција СЕГА. Проектот беше со време траење од седум месеци, финансиски поддржан од ЕАР/ДРЦ.

## Учество на НВО Саем

Овој проект е наменет да даде придонес во промовирањето на Коалиција СЕГА пред домашните и меѓународните организации, како и пред општата јавност.

Проектот **Учество на НВО Саем** ги постигна следните резултати:

- Промоција на Коалицијата СЕГА
- Воспоставени нови партнерства и вмрежување
- Изготвени промотивни материјали на Коалицијата

Проектот содржи неколку сегменти:

- Подготвување на промотивни материјали
- Организирање на две панел дискусии во рамките на саемот
- Подготвување на штанд-презентација илогистика

Корисници на проектот беа членови на младински организации од Македонија. Проектот бише со време траење од два месеци, финансиски поддржан од BYWB/USAID и EAR/DRC.

**Зоран Илиески с.р.**
**Извршен директор** **Прилеп, 31.12.2005 година**